Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut

СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Ул. "Македонија"бр.5, 1000 Скопје | тел.02/3218 130 факс.02/3218 131 | contact@ssrm.mk
Rr. "Makedonija" nr.5, 1000 Shkup | tel.02/3218 130 faksi.02/3218 131 | contact@ssrm.mk

**Бр.______________**

**______________2023 год.**

**СКОПЈЕ**

# Извештај од работна посета од 12.04.2023 година во Управниот суд

Со Заклучок на Претседателот на Судскиот совет на РСМ бр.03-816/1 од 12.04.2023 година, формирана е работната група при Судскиот совет во состав од м-р Тања Чачарова - Илиевска, координатор за Управен суд, Мери Радевска и Ханиф Зендели – членови на работната група за да изврши работна посета на Управниот суд. Во рамките на работната посета, Работната група е задолжена да изврши увид во:

- предметите во кои како странка се јавува правното лице П.П.;
- предмети во кои како тужител се јавува Е.Р. ДОО Скопје;
- во предметот У-3 бр.60/22, оформен по тужба на А.Л.В. од Неготино;
- во предметот У-2 бр.256/20 и
- да изврши проверка и констатирање на постапките по иземање во предметите од 01.01.2022 година до денот на работната посета.

Постапувајќи согласно Заклучокот, донесен заради остварување на надлежностите на Судскиот совет од член 36 став (1) алинеја 5), 15) и 20) од Законот за Судскиот совет („Сл. весник на РСМ“ бр. 102/2019), Работната група изврши работната посета во Управниот суд на ден 12.04.2023 година.

**1.-** Во рамките на работната посета, Работната група ги побара да се доставaт на увид сите предмети во кои една од странките е правното лице Друштво за производство, трговија и услуги П.П. ДООЕЛ П., како и предметите кои се водат во овој суд во кои како тужител се јавува Е.Р. ДОО Скопје.

Ова, од причина што Владата на РСМ - Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политика за добро владеење достави Известување и

препраќање на анонимна претставка во надлежност до Советот, заведена во Советот под УПП.бр.08-41/2023 од 30.01.2023 година, во која се изразува незадоволство од постапувањето Претседателот на Судот во случаите кога во предметите како странка се јавувало правното лице ДПТУ П.П. ДООЕЛ П., како и во два предмети пред овој суд во кои тужител бил правниот субјект Е.Р. ДОО Скопје. Според наводите во претставката, Претседателот на Судот вршел влијание и притисок врз судиите кои постапувале во овие предмети, се наведува дека врз судиите имало негативни реперкусии доколку не постапувале согласно неговите насоки во овие предмети, а во случаите кога судиите кои ги спроведувале неговите насоки, истите биле наградувани. Судскиот совет постапувајќи по претставката, на Седницата на Советот одржана на ден 28.02.2023 година, истата ја затвори и предметот го архивира со Службена белешка УПП.бр 08-41/2023 од 07.03.2023 година од причина што станува збор за анонимна претставка со паушални наводи непоткрепени со докази и која не се однесува на прашање од јавен интерес. Сепак Советот одлучи и достави писмено Известување, УПП.бр.08-41/2023 од 07.03.2023 година до Координаторот за следење на работата на Управниот суд, имајќи ги предвид наводите во претставката, да ги провери истите и состојбата кај овие предмети.

Имајќи го предвид наведеното, Работната група на денот на посетата во Судот, побара да се доставaт на увид предметите во кои една од странките е правниот субјект ДПТУ П.П. ДООЕЛ П. и предметите во кои како тужител се јавува Е.Р. ДОО Скопје.

На увид беа доставени следните предмети:

**1.1- <u>Предмети во кои како странка се јавува правното лице ДПТУ П.П. ДООЕЛ П.</u>**

**Поврзани предметите УЗ – 80/20, УЗ - 81/20, УЗ - 147/20, УЗ- 264/20, и УЗ 342 /20**

**<u>Предметот УЗ- 80/20</u>** е оформен по тужба со предлог за времена мерка поднесена од ТПТУ П.П. ДООЕЛ П. за поништување на решение УП2 бр. 35-607/2019 од 20.01 2020 на Министерството за транспорт и врски, поднесена преку полномошник АД П. и партнери Скопје. Тужбата е примена во Судот на 17.02 2020 година и доделен во работа на судијата известител Л.С.

Видно од увидот во списите од предметот, истиот ден кога е примен предметот во Судот, доставен е до тужениот орган за одговор на тужба. Одоговорот на тужба е примен на 19.02.2020 година, потоа е споено дополнување на одоговор на тужба по предмети УЗ - 80/20 и УЗ- 81/20.

Судијата доставил писмо до тужителот од 24.02 2020 година со кое е побарано уредување на времена мерка и тужбата, со напомена дека доколку не се постапи по задолжението на судот, постапката ќе се запре.

Во списите од предметот е залепено решение на Вишиот управен суд УЖ- 5/20 од 23.03.2020 година, донесено по жалба на заинтересираното лице ДПТТ ШТ ДОО Б. - Г. против решение на Управниот суд УЗ- 80/20 од 27.02 2020 година со кое решение, барањето за донесување на времена мерка е уважено и е одложено извршувањето на Решението на тужениот орган – Министерство за транспорт и врски Уп2 35-607/2019 од 20.01.2020 година. Вишиот управен суд, постапувајќи по жалбата на заинтересираното лице го донел решението УЖ- 5/20 од 23.03.2020 година, доставено до Управниот суд на 26.03.2020 година, со кое жалбата на заинтересираното лице ДПТТ ШТ ДОО Б. е уважена, обжаленото решение на Управниот суд, е укинато и предметот вратен на повторно разгледување и одлучување пред првостепениот суд.

***<u>Констатација:</u>***

*На внатрешната страна од корицата-обвивката на списите од предметот нема попис на списи.*

***Овој предмет УЗ – 80/21 е ставен во обвивката на списи по предметот УЗ - 264/20, во која нема други докази-списи за превземени дејствија и без судска одлука за спојување на предметите.***

Од апликацијата на Судски совет „Контрола на судови“ во рубриката „Останати предмети“ за предметот УЗ – 80/20 освен овој предмет се впишани и предметите УЗ – 81/20, примен во Судот исто така на ден 17.02.2020 година и УЗ – 342/20, примен во Судот на 18.09.2020 година, видно од графата „Датум на прием“ во апликацијата. Во графата „Датум на прво рочиште“ за предметот УЗ – 80/20 стои датумот 27.02.2020 година, за УЗ – 81/20 датумот 27.03.2020 година и за предметот УЗ – датумот 21.09.2020 година. Понатаму, во графата „Датум на завршна одлука“ се наведени следните датуми: за УЗ – 80/20 датумот 02.03.2020 година, за УЗ – 81/20, 27.03.2020 година и за УЗ – 342/20, 05.10.2020 година. Во графата „Датум на архивирање“ е запишан датумот 09.12.2022 година за предметите УЗ – 81/20 и УЗ – 342/20.

**<u>Предметот УЗ - 81/20</u>** е оформен по тужба со предлог за времена мерка поднесена од ТПТУ П.П. ДООЕЛ П. за поништување на истото решение на Министерството за транспорт и врски, УП 2 35 -607 /2019 од 20.01 2020 година, поднесена преку истиот полномошник, АД П. и партнери Скопје, со исти наводи како и тужбата со времена мерка во предметот УЗ 80/20. Двете тужби се примени во Судот на исти датум, на 17.02.2020 година и истиот ден, двете тужби со предлогот за времена мерка, од страна на судски службеник, се доставени на одговор до тужениот орган.

Одговор на тужбата е примен и во овој предмет на истиот датум, на 19.02.2020 година, идентичен, односно со исти наводи како и одговорот на тужба во предметот УЗ - 80/20. Исто така, на ден 21.02.2020 година во двата предмети (УЗ – 80/20 и УЗ 81/20) од страна на тужениот е доставено исто дополнување на одговор на тужба.

**Предметот УЗ - 81/20 е ставен во обвивката на списи на предметот УЗ - 342/20, но во обвивките на списите по предметите нема управувачка судска одлука за спојување на предметите.**

Од податоците за предметот У-3 бр.81/2020 во апликацијата на Судски совет „Контрола на судови“ се констатира дека предметот е оформен по поднесена тужба од исти тужител како и предметот У-3 бр.80/2020, на исти датум, 17.02.2020. Истиот ден предметот рачно е доделен во работа на судија известител Л.С.. Во рубриката „Процеси (претреси)“ е наведен датумот 27.03.2020 година како датум на одржано заседание за советување и гласање, а што е воедно и датум на објавена и завршна одлука, која е мериторна одлука. Против таквата одлука добиена е жалба на 15.04.2020 година. Во рубриката „Статус“ е наведено дека предметот е преземен од предмет У-3 бр. 80/20 поради „спојување“ и истиот е архивиран на 09.12.2022 година. Во рубриката „Останати предмети“ за предметот УЗ – 81/20 освен овој предмет се впишани и предметите УЗ – 80/20 и УЗ – 342/20 и податоците од сите графи во оваа рубрика се идентични со податоците наведени во рубриката „Останати предмети“ за предметот УЗ – 80/20.

**<u>Предмет У-3 - 147/20</u>**

Од увид во списите на предметот се констатира дека овој предмет е оформен по уредувања на тужбите од предметите У-3 - 80/20 и УЗ - 81/20. На 26.02.2020 година тужителот доставил уредување на тужбата по предметот УЗ - 80/21. Има поднесок од тужителот од 27.02.2020 година за уредување на тужба по предметот У-3 - 80/20 и предметот У-3 - 81/20.

Во обвивката на списите по предметот У-3 – 147/20 се наоѓаат списи од предметот У-3 бр.80/2020 и У-3 бр.80/2020.

Се наоѓа решението У-3 - 80/20 од 27.02 2020 со кое барањето за издавање на времена мерка е уважено и одложено извршувањето на побиваното решение на тужениот орган - Министерството за транспорт и врски, до правосилно завршување на спорот по предметот У-3 - 80/20.

На 03.03.2020 година тужениот орган доставил списи по електронска пошта.

Постои писмено барање У-3 бр. 80/2020 од 20.03.2020 година од тужителот со кое бара да му се достави жалба, доколку таква е поднесена од тужениот.

Во обвивката на списите се наоѓа Записник за советување и гласање, У-3 – 147/20 од 27.03.2020 година и пресуда У-3 - 81/2020 и УЗ - 147/2020 од 27.03.2020 година со која тужбата на тужителот П.П., П. се уважува, оспореното решение на Министерството за транспорт и врски се поништува.

На ден 15.04.2020 година поднесена е жалба од заинтересираното лице ДПТТ ШТ ДОО Б. - Г. против решението УЗ - 81/20 од 27.03.2020 година и жалба со исти датум и исти подносител против решението УЗ-80/20 од 27.02.2020 година. Постојат одговор на жалба од тужениот орган поднесен на 06.06.2020 година и на 12.05.2020 година.

Се наоѓа решение на Вишиот управен суд, УЖ - 345/2020 од 10.07 2020 година со кое жалбата на заинтересираното лице ДПТТ ШТ ДОО Б. - Г. против пресудата на Управниот суд У-3-81/2020 и У-3-147/2020 од 27.03.2020 година е уважена, првостепената пресуда е укината и предметот е вратен на повторно постапување пред Управниот суд.

Од списите најдени во предметот не се добива јасна претстава за текот на постапката, превземените дејствија и донесените одлуки и списите на предметот не се средени и нема попис на списи. Од тие причини извршен е увид и во податоците од апликацијата на Судскиот совет „Контрола на судови", според кои предметот е оформен на 27.03.2020 година по тужба на ДПТУ П.П. и даден во работа на судија известител Л.С.. Истиот ден, на 27.03.2020 година донесена е „управувачка одлука" У-3 бр.147/2020. Добиена е жалба на 04.05.2020 година, а на 17.07.2020 година примена е одлуката по жалба. Во рубриката „Останати предмети" на апликацијата, покрај предметот У-3 – 147/20 се запишани и предметите УЗ – 264/20 и УЗ – 80/20, сите три во работа на судија известител Л.С.. Во рубриката „Статус„ се наведува дека предметот У-3 бр.147/2020 е архивиран на 09.12.2022 година по укинат предмет У-3 бр.80/2020.

**<u>Предмет У-3 бр.264/2020</u>**

Овој предмет не беше доставен на увид, меѓутоа со оглед на фактот што истиот се јавува како поврзан со предметот У-3 бр.147/2020 и У-3 бр. 80/2020, користени се податоците од апликацијата „Контрола на судови". Предметот е примен и оформен во Судот на 20.07.2020 година по тужба со исти датум поднесена од ДПТУ П.П.. Истиот ден, на 20.07.2020 година, предметот рачно е доделен во работа на судија Л.С.. Во рубриката „Процеси (претреси) е забележан датумот 21.09.2020 година кога се одржала нејавна седница на советот, кога е објавена „управувачка" одлука, верифицирана на 05.10.2020 година. Одлуката станала правосилна на 06.10.2022 година. Во рубриката „Останати предмети" во врска со овој предмет е наведен предметот У-3 бр.147/2020, а во рубриката „Статус" е наведено дека предметот У-3 бр.264/2020 е архивиран на 09.12.2022 година по укинат предмет У-3 бр.147/2020.

**Предмет У-3 - 342/20**

Од увид во списитете во предметот се констатира дека на внатрешната страна на корицата од обвивката на списите има писмо од Вишиот управен суд од 08.02.2021 година за враќање на предмет УЗ - 342/2020, У 3 – 264/20.

Во предметот, прво е залепен записник за советување и гласање од 21.09.2020 година за предмети УЗ - 343/2020, УЗ – 264/20, па следи пресуда УЗ - 342/2020, У-3 – 264/20 од 21.09.2020 година и решение со кое тужбата на ДПТУ П.П. е уважена а побиваното решение на тужениот Министерство за транспорт и врски, УП2 бр.35-607 од 20.01.2020 година е поништено, барањето на тужителот за издавање времена мерка е отфрлено.

Судија известител е Л.С..

На 05.11.2020 година е примена жалба од заинтересираното лице ДПТТ ШТ ДОО Б. - Г. и одговор на жалба од тужителот од 02.12.2020 година. На 27.02.2021 година доставени се списи од тужениот орган .

Вишиот управен суд донел решение по жалбата, УЖ 1 – 86/2021 од 27.01.2021 со кое жалбата на заинтересираното лице ДПТТ ШТ ДОО Б. - Г. се отфрла како недозволена. По донесување на ова решение од Вишиот управен суд, заинтересираното лице ДПТТ ШТ ДОО Б. - Г. поднело тужба до Управниот суд со прдлог за повторување на постапката, која се наоѓа во списите на овој предмет.

Следи записник УЗ - 342/20 од 01.06.2022 година од рочиште за расправање по предлогот за поворување на постапката и записник од рочиште за расправње по предлог за повторување на постапката од 17.02 2021 година .

На ден 17.05.2022 од Адвокатско друштво Ј. Скопје, во име на заинтересираното лице ДПТТ ШТ ДОО Б. – Г. е поднсен поднесок со барање тужбата на тужителот П.П. да се отфрли, бидејќи има правосилна одлука УЗ - 342/20, УЗ- 264/20 од 21.09 2020 година.

Во списите од предметот има решение УЖ 1 – 86/2021 од 06.10.2022 година на Вишиот управен суд со кое се запира постапката по предлогот на ДПТТ ШТ ДОО Б. за павторувањње на постапката правосилна завршена со пресуда на Вишиот управен суд УЖ 1 - 86/2021 од 27.01.2021. Во образложението на цитираното решение се навдува дека на записник од 01.06.2022 година полномошникот на заинтересираното лице го повлекол предлогот за повторување на постапката.

И за овој предмет се земени податоци од апликацијата на Судскиот совет „Контрола на судови“. Во рубриката „Процеси“ се евидентирани следните одржани процеси: нејавна седница на советот во Управниот суд на 21.09.2020

година; рочиште на 25.05.2022 година и јавна усна расправа на 01.06.2022 година.

***<u>Констатација:</u>*** *Списите на горе наведените предмети не се средени, не се редоследно наредени и залепени според хронологијата на прием или донесување. Истите се измешани не само во обвивката на предметот, туку и од другите предмети ставени во обвивката на еден предмет. Исто така, на внатрешната страна од обвивката нема попис на списи.*

**<u>Предметот У-5 БР. 170/23</u>** е оформен по тужба на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги П.П. увоз-извоз ДООЕЛ с. П. П., поднесена преку полном. Адвокатско друштво Д., претставувано од адвокат В.Д. Со тужбата се бара поништување на Решение бр. 140319760148/1 од 29.12.2022 година на тужениот РСМ – Министерство за финансии – УЈП, со кое се задолжува П.П., поради помалку утврден данок на добивка за период од 01.01.2018-31.121.2018 во износ од 1.303.334,00 денари, да изврши плаќање на помалку платен данок на добивка од 2.614.629,00 ден. како и на пресметана камата, во износ наведен во оспореното решение.

Вредноста на спорот е 1.303.334,00 денари

Во прилог кон тужбата се доставени следните прилози: Вешт наод и мислење од „С.Г. С.Г. ДОО Скопје од 07.02.2023 г. и Судска пракса (Пресуда У-5 бр.447/2019 од 11.12.2019; Пресуда ТСЖ-3-247/21 од 16.11.2021 на Апел. Штип; Пресуда ТСЖ-311/21 од 23.09.2021 на Апел. Битола).

По прием на тужбата со списите во предметот, тужениот доставил одговор на тужба на ден 09.03.2023 година.

До денот на работната посета, не е превземено друго процесно дејствие по предметот и не е закажано рочиште за расправа.

**<u>Предметот У-5 БР. 171/23</u>** е оформен по тужба од 10.02.2023 поднесена од Друштво за производство, трговија и услуги П.П. увоз-извоз ДООЕЛ с. П. П., преку полном. АД Д., претставувано од адвокат В.Д., со уредно полномошнои доказ за платена такса за управен спор од 800,00 денари, за поништување на Решение бр. 120320770117/1 од 29.12.2022 година донесено од РСМ – Министерство за финансии – УЈП.

Во прилог на тужбата се доставени: оспорениот управен акт; Вешт наод и мислење од „С.Г. С.Г. ДОО Скопје од 07.02.2023 г.; Имотни листови.

Вредност на спорот е 177.178,00 денари.

На ден 16.02.2023 тужбата е испратена на одговор до тужениот.

Одговор на тужба е примен во Судот на 27.02.2023 г.

Во списите на предметот има поднесок од тужителот преку полномошник од 28.03.2023 година.

До денот на работната посета нема превземено други процесни дејствија по предметот и не е закажана расправа.

**Предметот У-5 бр.172/23** е примен во судот на ден 10.02.2023, по тужба на тужителот ДПТУ П.П. ДООЕЛ с.П., против тужен РСМ МФ Управа за јавни приходи.

Од увид во списите од предметот се констатира дека Судот на ден 27.02.2023 ја доставил тужбата до тужениот со покана за одговор на тужба. Одговор на тужба е примен на ден 09.03.2023 година.

До денот на увидот во предметот, нема доказ за превземени други процесни дејствија по истиот, не е закажана расправа.

**Предметот У-2 бр.503/22,** оформен по тужба на тужителот ДПТУ П.П. ДООЕЛ с.П., против тужен РСМ МФ Комисија за одлучување по барање за денационализација за општина Карпош, Тетово, Гостивар, Кичево и Дебар со седиште во општина Карпош, против решение на МФ по барање за денационализација. Предметот е примен во судот на ден 07.12.2022 година.

Тужбата е пратена до тужениот на одговор на ден 15.12.2022 година и истиот ден е примена.

На ден 26.01.2023 година Судот испратил до тужениот ургенција со барање за произнесување по наводи од тужбата и доставување на списи по предметот.

На ден 20.03.2023 година е примен одговор на тужба од тужениот со напомена дека списите кои се бараат од страна на судот биле доставени до Врховен суд - оддел за судење во неразумен рок и дека во тек е постапка пред Врховниот суд.

**Предметот У-5 бр.169/23** е примен во судот на ден 10.02.2023 година, оформен по тужба на тужителот ДПТУ П.П. ДООЕЛ с.П., против тужениот РСМ МФ Управа за јавни приходи.

Судот на ден 23.02.2023 година, ја доставил тужбата на одговор до тужениот орган. Одговор на тужбата е примен на ден 27.03.2023 година и истиот со прилог доказите е доставен до тужителот на ден 28.03.2023 година.

По предметот не се превземени други процесни дејатвија, не е закажана расправа.

**Предметот У-5 бр.103/23** е оформен по тужба на тужителот ДПТУ П.П. ДООЕЛ с.П., против тужениот РСМ МФ Управа за јавни приходи. Во судот е примен на ден 26.01.2023 година.

Судот на ден 03.02.2023 година, постапил по предметот со покана за одговор на тужба до тужениот. Од страна на тужениот е доставен одговор на тужба со прилог докази на ден 13.02.2023 гоина.

Постапката е во тек, до денот на увид во предметот не се превземени други процесни дејствија.

**Предмет У-3 бр.467/2022, споен со предметот У-3 468/22,** поради исти странки и ист предмет на тужба. Примен е во судот на ден 25.10.2022 год, по тужба на ДПТТ ШТ ДОО Б. - Г., преку адвокатско друштво Ј., против тужен РСМ Министерство за транспорт и врски, со предлог за времена мерка.

Судот на ден 26.10.2022 година, постапил по предметот со покана за одговор на тужба до тужениот за да се произнесе со одговор на тужба за времена мерка. На ден 04.11.2022 година преку адвокатско друштво Д., полномошник на заинтерсираното лице П.П. ДООЕЛ с.П., е доставен одговор на тужбата со предлог за издавање на времена мерка. На ден 07.11.2022 година судот доставува ургенција до Министерството за транспорт и врски за доставување на одговор на тужба и предлогот за времена мерка. На 15.11.2022 година е доставена нова ургенција до Министерството за транспорт и врски за произнесување по тужба и предлог за времена мерка.

Закажана е јавна расправа по предметот за ден 24.11. 2022 година. Полномошникот на тужителот, присутен на 24.11.2022 година побарал одлагање на јавната расправа поради смрт на неговиот татко.

Јавната расправа се одлага за 01.12.2022 година. Поради немање уредна достава за тужениот, јавната расправа закажана за 01.12.2022 година е презакажана за ден 07.12.2022 година.

Јавната расправа закажана за 07.12.2022 година се одлага за 26.12.2022 година, повторно од од причини што немало уредна достава за тужениот орган – Министерство за транспорт и врски, со наредба да се изврши достава на покана за јавна расправа за 26.12.2022 година до тужениот орган.

На одржаната јавна расправа на 26.12.2022 година, објавена е пресуда со која тужбата на тужителот се добива како неоснована, а објавено е и решение со кое предлогот за издавање на времена мерка се одбива како не основано. Пресудата со решението по предлогот за издавање на времена мерка се верификувани на 29.12.2022 година.

Во списите на предметот се наоѓа жалба од тужителот преку полномошник Адвокатско друштво Ј. против првостепената пресуда и

решението по предлогот за издавање на времена мерка, примена во судот на 17.01.2023 година. Се наоѓа и жалба од заинтересираното лице П.П. ДООЕЛ с.П., изјавена преку полномошник Адвокатско друштво Д. на ден 09.01.2023 година, поднесена пртив првостепената пресуда во делот за трошоците на постапката.

Од увидот во списите на предметот на денот на работната посета, 12.04.2023 година, се констатира дека предметот е во Вишиот управен суд во постапка на одлучување по жалба против одлука на Управниот суд.

**Констатација:** *Ваквата состојба не кореспондира во целост со податоците од апликацијата „Контрола на судови" за овој предмет, каде е евидентирано дека предметот од Вишиот управен суд е вратен во Управниот суд заедно со одлуката по жалба на ден 23.03.2023 година и одлуката е правосилна од 09.03.2023 година.*

**1.2- Работната група изврши увид во следните предмети во кои странка - тужител е ДППУ Еуромакс РЕСОУРЦЕЦ ДОО Скопје.**

**Поврзани предмети У-6 бр.23/2020, У-6 бр.24/2020, У-6 бр.181/2020, У-6 бр.721/2020, У-6 бр.131/2023**

**Предметот У-6 бр.23/2020** е примен во Судот на ден 08.01.2020 година, на 09.01.2020 е даден во работа кај судија известител Г.Ф. со автоматска распределба. Предметот е оформен по тужба со предлог за времена мерка поднесена од ДППУ Е.Р. ДОО Скопје, против Влада на РСМ, основот е концесии - поништување на Одлуката на Владата за еднostран раскин на Договор за концесија за експлоатација на минерални суровини – руди на бакар и злато на локалитет с. И.

Во списите од предметот се наоѓа покана за одговор на тужба до тужениот од 09.01.2020 година.

На ден 22.01.2020 година донесено е решение со кое се одбива предлогот за донесување на времена мерка. Одлуката е верификувана на 28.01.2020 година.

На ден 10.02.2020 година од страна на тужителот и предлагач на времената мерка е поднесена жалба против решението на Управниот суд У-6 бр.23/2020 од 22.01.2020 година, а на ден 26.02.2020 година од страна на тужениот е доставен одговор на жалба. Воедно, списите на предметот се доставени до Државното правобранителство на РСМ со наводи дека ДП на РСМ ги штити имотните права и интереси на РСМ и на државните органи.

На ден 16.03.2020 година предметот е доставен до Вишиот управен суд по жалба. На ден 26.05.2020 година во Управниот суд е вратен предметот заедно со одлуката на Вишиот управен суд по жалбата, УЖ 2 бр.10/2020 година од 06.05.2020 година, со која жалбата е одбиена како неоснована а решението на управниот суд У-6 23/2020 од 22.01.2020 година се потврдува. Одлуката е правосилна на 06.05.2020 година. Одлуките се доставени се одлуките до странките. Предметот е архивиран на 15.05.2023 година.

**Констатација:** *Списите на предметот не се средени. На внатрешната страна од обвивката нема попис на списи.*

Од увидот во податоците од апликацијата на Судскиот совет „Контрола на судови" за предметот У-6 бр.23/2020 во рубриката „Останати предмети" во врска со овој предмет се евидентирани предметите: У-6 бр.24/20, У-6 бр.181/20 и У-6 бр.721/21.

**Предмет У6 бр.24/20** е оформен по тужба со предлог за издавање времена мерка и предлог за спојување на постапки поднесена од ДППУ Е.Р. ДОО Скопје од 08.01.2020 година. Со тужбата се бара поништување на Одлуката на Владата за еднostран раскин на Договор за концесија за експлоатација на минерални суровини – руди на бакар и злато на локалитет с. И. бр. 457466/1 од 16.12.2019. Основот е исти како и кај предметот У-6 бр.23/2020, концесии, затоа на ден 09.01.2020 година предметот по пат на рачна распределба е даден во работа на судијата известител Г.Ф.. Истиот ден тужбата е пратена на одговор кај тужениот.

Во списите на предметот има Одговор на тужба од тужениот, примен во Судот на 15.01.2020 година, врска У-6 бр. 23/2020 и У-6 бр.24/2020 година.

Понатаму, се наоѓа поднесок од тужителот од 04.06.2020 година и Пресуда од 21.10.2020 година со која тужбата се одбива како неоснована, донесена од совет во состав од: судија Н.И., претседател и судиите Г.Ф. и С.Т., членови на советот. Пресудата е верифицирана на ден 04.11.2020 година.

Тужителот поднел жалба против пресудата У-6 бр.23/2020 од 21.10.2020 година, примена во судот на ден 25.11.2020 година.

Тужениот, Влада-Генерален секретаријат, со писмено Известување до Судот У-6 бр. 24/20 од од 14.12.2020, примено во Судот на 16.12.2020 година, известува дека жалбата и списите се доставени на произнесување до Министерство за економија. Жалба доставил на 22.12.2020 година, а тужителот доставил Одговор на жалба од 24.12.2020, примен во Судот на 25.12.2020 година.

Во списите на предметот се наоѓа Решение УЖ-2 бр.87/2021 од 08.07.2021 г.со кое Пресудата У-6 бр.24/2020 од 21.10.2020 се укинува и предметот се враќа на повторно одлучување

Постои Барање за иземање од 22.09.2021 поднесено од тужителот. Барањето е **одбиено** со Решение Су.Изз.бр. 0204-20/21-1 од 27.09.2021 од ВД Претседател Е.А.

**<u>Констатација:</u>** *Списите во предметот не се залепени и не се хронолошки редоследно средени. На внатрешната страна од корицата на обвивката на списите, нема попис на списи во предметот.*

Од увидот во апликацијата на Судскиот совет „Контрола на судови", во рубриката „Процеси (претреси) се наведува датумите на одржани процеси и тоа: 21.10.2020 година – Заседание за советување и гласање и 18.11.2020 – одржана нејавна седница на совет во Управен суд. Предмети во врска со овој предмет се наведени останатите предмети: У-6 бр.23/2020, УПП бр.181/2020 и У-6 бр.721/2021.

**Предметот У-6 бр.24/2020 е ставен во обвивката на предметот У-6 бр.131/23, заедно со предметот У-6 бр.721/2021.**

**<u>Предметот УПП-181/2020</u>** не беше доставен на увид на Работната група. Видно од апликацијата „Контрола на судови", предметот е оформен по поплака поднесена на 07.05.2020 година од ДППУ Е.Р. ДОО Скопје, во врска со предметите У-6 бр.23/2020 и У-6 бр.24/2020.

**<u>Предмет У-6 бр. 876/22 (нов број), стар број У-6 бр. 203/21</u>**

Предметот У-6 бр.203/21 е оформен по тужба на ДППУ Е.Р. ДОО Скопје, поднесена преку полномошник АД Б.Ф. Скопје против решение УП 0810 од 28.12.2020 година на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Тужителот претходно имал назив Ф.Д.В. Дооел кој добил концесија на рудник во с. Б. - И. Вредност на спорот 620.000 ден.

Предметот е примен во Судот на ден 23.02.2021 година и според апликацијата на Судски совет „Контрола на судови" истиот е даден во работа на судија известител Е.В. по пат на автоматска распределба на ден 24.02.2021 година.

Во тужбата се наведува дека тужениот орган при донесување на оспореното решение погрешно го применила Законот за минералните суровини.

Тужбата е доставена до тужениот орган на одговор на ден 31.03.2021 година. Одоговорот на тужба е доставен до Судот на ден 13.04.2021, а на 26.04.2021 година, Судот со писмен допис до тужениот ги побарал списите по предметот.

На 15.03.2021 година, тужителот доставил писмено дополнување на тужбата.

Во списите се наоѓа барање од 15.04.2021 година за изземање на судијата Г.Ф., член на судечкиот совет, со образложение дека истиот учествувал претходно во предметот У-6 бр. 24/20 и имал изградено веќе свој став по оваа правна работа. Судијата по однос на барањето за негово изземање дал изјава на 19.04.2021 година. На ден 03.08.2021 година донесено е решение со кое судијата е изземен од постапување по предметот, а на негово место е определена судијата А.Г. Меѓутоа, со оглед на фактот што сопругот на нејзина прва братучеда бил полномошник на тужителот, на нејзино известување од 29.09.2021 година, донесено е решение на ден 08.10.2021 година со кое истата е изземена од постапување по предметот. Одлучено е да ја замени судија член на советот за постапување која ја заменува согласно со годишниот рааспоред.

Тужителот на ден 05.01.2022 година поднесол барање за приоритетно решевање на предметот, бидејќи истекувал максималниот рок од 9 месеци. По ова барање,видно од апликацијата „Контрола на судови“ оформен е предмет УПП-2/22 со завршна одлука од 25.01.2022 година.

На ден 14.03.2022 година одржана е нејавна седница на советот, претседател на совет судија Е.В. која известила дека учествувала во одлучување на предмет У-6 бр. 721/21 каде веќе го искажала своето мислење и треба да поднесе барање за изземање, со што се сложиле и другите судии-членови на советот

На 15.03.2022 година судијата Е.В. доставила барање за изземање, кое барање е одбиено со Решение СУ-ИЗЗ 0204-5/22 донесено од Претседателот на Судот на ден 17.03.2022 година.

Во списите на предметот има записник за советување од одржана нејавна седница на советот на ден 29.03.2022 година. Објавена е одлука - Решение У-6 бр. 203/21 на 29.03.2022 година, верификувана на ден 04.04.2022 година, со кое е определено дека предметната постапка по тужбата се прекинува до правосилно завршување на постапка по тужба заведена во Управниот суд под У-6 бр. 721/2021. Решението е експедирано на 04.04 2022 до странките.

На ден 11.04.2022 година е примена во Судот жалба од тужителот.

Во апликацијата „Контрола на судови“ во врска со овој предмет е заведен предмет УПП бр.163/22 по поплака од тужителот, кој е завршен со одлука објавена на ден 26.04.2022 и истиот ден одлуката е завршна и мериторна.

На ден 27.10.2022 година Вишиот управен суд ги експедирал списите по предметот во Управниот суд заедно со второстепеното Решение УЖ. 2 бр. 215/2022 од 21.10.2022 година со кое, жалбата е уважена и предметот вратен на повторно постапување и одлучување. Во Управниот суд предметот е примен на ден 28.10.2022 година, презаведен под нов број, У-6 бр. 876/2022 и повторно даден на постапување на судија Е.В. на ден 31.10.2022 година. Според образложението на второстепеното решение, постапката по овој предмет требала мериторно правосилно да заврши затоа што во овој предмет се рашавало прашањето дали постојат услови за давање на оддобрение за давање дозвола за експлатација на судровини, како претходно прашање, а дури пота да се одлучува за порашањето од другиот предмет, У-6 бр.721/2021, кое се однесува на раскинување на договорот склучен помеѓу странките.

На 08.11.2022 година, дадена наредба за закажување на јавна расправа. Јавна расправа е закажана за 14.12.2022 година. Расправата е одржана на 14.12.2022 година и истата е заклучена.

Во списите на предметот се наоѓа записник за советување и гласање од 21.12.2022 година, потоа записник за објава на Пресуда У-6 бр.876/2022 од 21.12.2022 година со која тужбеното барање е одбиено како неосновано. Пресудата е верификувана на ден 04.01.2023 година.

Во предметот се наоѓа жалба од тужителот, примена на 07.02 2023, која на 21.02.2023 година е доставена до тужениот орган на одговор.

На ден 22.03.2023 година Државната комисија, ги доставила списите по предметот за да се испратат со жалбата.

Правосилна одлука по предметот нема до денот на изготвување на овој Извештај.

**Предметот У6 бр.721/21** е оформен по тужба поднесена од ДППУ Е.Р. ДОО Скопје, примена во Судот на 04.08.2021 година, според податоците од апликацијата „Контрола на судови“.

Во списите на предметот се наоѓа истата тужба поднесена од истиот подносител, ДППУ Е.Р. ДОО Скопје, на 08.01.2020 година и по која е оформен предметот У-6 бр.24/2020. Од тие причини, предметот рачно е распределен истиот ден кога е примена тужбата, и е даден во работа на судија известител Г.Ф.

И овој предмет е ставен во обвивката на списите на предметот У-6 бр. 131/23, но нема управувачка одлука - решение за спојување на предмети.

Во обвивката на списите на предметот У6 бр. 721/2020 се наоѓа Пресуда У-6 бр. 721/2021 од 05.10.2021 донесена од совет во состав од: м-р Т.Т. претседател и членови судијата известител Г.Ф. и судија Е.В., со која пресуда тужбата на тужителот се одбива како неоснована.

**<u>Констатација:</u>** *И кај овој предмет не се попишани сите списи, истите не се средени, нема попис на списи во предметот.*

*Во апликацијата „Контрола на судови“ во рубриката „Процеси (претреси)“ е евидентирана одржана нејавна седница на совет на Управен суд на ден 05.10.2021 година.*

Во списите на предметот постои жалба од тужителот од 11.11.2021 година. Во предметот се наоѓа и Одговор од тужителот од 05.05.2022 година на одговорот на жалба поднесен од тужениот, но го нема Одговорот на жалба од тужениот.

Постои Решение на Вишиот управен суд, УЖ-2 бр.195/2022 од 09.02.2023 г со кое жалбата на тужителот Е.Р. ДОО Скопје СЕ УВАЖУВА, пресудата на Управниот суд У-6 бр.721/2021 од 05.10.2021 се укинува и се враќа на повторно разгледување и одлучување пред Управниот суд.

Од увидот во апликацијата „Контрола на судови“, предметот е вратен во Управниот суд, заедно со одлуката на Вишиот управен суд на ден 01.03.2023 година.

Обвивката на списите по предметот У-6 бр.721/2021, како и предметот У-6 бр.24/2020, е ставена во обвивката на списите по предметот У-6 бр.131/23.

**<u>Предмет У-6 бр.131/2023</u>**

Предметот е оформен по тужба на ДППУ Е.Р. од 06.03.2023 година против тужен Влада на РСМ-Министерство за економија, основ на тужба – концесии. Истиот ден предметот со автоматска распределба е доделен во работа на судија известител Р.Ц.

Во списите на предметот се најдени обвивките по списите на предметите У-6 бр.24/2020 и У-6 бр.721/2021.

Постои Записник за одржана јавна расправа на 22.03.2023 во кој се констатира дека се присутни за тужител Ж.Х.З. од АД Б.Ф., за тужен Влада на РСМ, вработена во Министерство за економија. Јавната расправа се заклучува на 22.03.2023 година.

Се наоѓаат Записник за советување и гласање од јавна расправа на совет одржана на 24.03.2023 година и Записник од одржано рочиште за објава на пресуда на ден 30.03.2023 година.

Донесена е Пресуда У-6 бр.131/2023 од 30.03.2023 година, верификувана на ден 25.04.2023 година. Пресудата е донесена во совет од Р.Ц. - претседател на совет и судија известител, судија М.Т. и судија м-р Ѓ.Ж., членови на советот. Со пресудата се уважува тужбата на тужителот, оспорената одлука на Владата од 16.12.2019 се поништува и се задолжува тужениот орган да постапи согласно одлуката на Управниот суд во рок од 30 дена.

Пресудата не е обжалена, истата станува правосилна на 18.05.2023 година.

Во податоците за предметот У-6 бр.131/2023 од апликацијата „Контрола на судови", во рубриката „Останати предмети" се наведени предметите: У-6 бр.23/2020, У-6 бр.24/2020 и У-6 бр.721/2021.

## 2. **Предметот У-3 бр.60/22**

Работната група во рамките на работната посета побара да изврши увид и во **предметот У-3 бр.60/22** за кој Советот е информиран со Известување Су-03 бр. 17/23 од 02.02.2023 година поднесено од Претседател на Основен суд Неготино, примено во Советот на ден 07.02.2023 година и заведено под број 03-324/2023. Во Известувањето се наведува дека Претседателот на Основниот суд Неготино чувствува за потребно, пред се како учесник во управниот спор У-3 бр.60/22, потоа како судија и како претседател на суд, да го извести Судскиот совет за некоректното однесување на судијата В.Ј., претседател на советот кој постапувал по предметот на Управниот суд, У-3 бр.60/2022 и за недоследностите што ги сторила при постапувањето по предметот. Појаснува дека на ден 19.12.2022 година, односно веднаш штом дознала дека се води оваа постапка и дека била одржана јавна расправа на ден 15.12.2022 година и дека е закажана објава на пресуда за 20.12.2022 година, по електронска пошта доставила барање за вклучување на ОС Неготино во постапката по наведениот управен спор. Лично во приемното одделение на Управниот суд поднела предлог за враќање во поранешна состојба со барање за одлагање на рочиштето за објава на пресуда. Сепак, со оглед на фактот дека рочиштето за објава на пресудата било закажано за само еден ден подоцна, за 20.12.2022 година и не била сигурна дали истото ќе биде одложено, се јавила на рочиштето. Откако се легитимирала како овластено лице за застапување на Основниот суд Неготино, кој во ова постапка се јавува како заинтересирано лице бидејќи е објект на надзор и подносител на жалбата против првостепениот управен акт, го известила Судот дека претходниот ден

доставила предлог за враќање во поранешна состојба со барање за одлагање на рочиштето и повторно побарала да се одложи рочиштето за објава на пресудата, а по ова прашање Судот да одлучи со процесно решение. Тогаш судијата В.Ј., како претседател на советот, почнала да вика и неетички да се однесува, барајќи да ја напушти судницата со зборовите: *„Тоа е завршена работа, денеска има објава, напуштете ја судницата."* По инсистирање на Претседателката на Основниот суд Неготино да биде констатирано нејзиното рисуство во судницата, повторно инсистирала да ја напушти судницата, одбивајќи да го евидентира нејзиното присуство на записник, за да подоцна сепак и дозволи да остане, но само како јавност. Откако одлуката по тужбата била објавена и прочитан диспозитивот на истата, претседателката на Основниот суд Неготино побарала да се даде кратко образложение за причините за донесената одлука согласно чл.63 ст.2 од Законот за управните спорови, на што претседателот на советот повторно почнала да вика со висок тон, да бара да ја напушти судницата бидејќи ова не било парница. Наведува дека со оглед на објавената одлука, очекувала предлогот за враќање во поранешна состојба да и биде одбиен со поука за правно средство против одлуката. Наместо тоа, на нејзино големо изненадување, на ден 27.12.2022 година во Основниот суд Неготино пристигнало Решението на Управниот суд У-3 бр.60/22 од 23.12.2022 година со кое, предлогот за враќање во поранешна состојба се уважува, а постапката се враќа во фаза на наредба за одржување на јавна расправа. Истовремено им била доставена и фотокопија од тужбата како и покана за јавна расправа закажана за ден 26.01.2023 година во 10,00 часот, со напомена најдоцна до рочиштето да ги достават сите докази кои судот треба да ги разгледа. Во Решението било констатирано дека Судот направил превид кога не го известил и поканил Основниот суд Неготино на претходно одржаната јавна расправа иако е објект на надзор, па **Судот одлучил закажаната објава на пресудата да не се одржи и постапката да се врати во фаза на наредба за одржување на јавна расправа,** иако претседателката на Основниот суд Неготино лично била присутна на одржаното рочиште на 20.12.2022 година во судница бр.6 на кое одлуката по предметот била јавно прочитана од страна на претседателот на советот, судијата В.Ј.

Понатаму, посочува дека два дена пред закажаната јавна расправа, Основниот суд Неготино доставил одговор на тужба и писмени докази во два примероци, бидејќи тужителот имал примерок од доказите и истите се дел од списите на предметот доставен од Државната комисија. На расправата на ден 26.01.2023 година, било констатирано дека одговорот на тужба не е даден на тужителот и доказите во прилог, бидејќи недостасувал примерок за тужителот, па било задолжено заинтересираното лице, во рок од 5 дена, да достави уште еден примерок од истите. Воедно, му сугерирала на тужителот, на таквото произнесување од заинтересираното лице, писмено да се произнесе, без да определи рок за тоа, а во смисла на член 108 од ЗПП в.в.со чл.14 од ЗУС.

Рочиштето за јавна расправа било одложено без да се закаже термин за новото рочиште.

Во прилог на Известувањето доставува: Барање за вклучување во постапката како заинтересирано лице, Су-03 бр.194/21 од 19.12.2022 година; Предлог за враќање во поранешна постапка, Су-03 бр.194/21 од 19.12.2022 година; Решение на Управниот суд У-3 бр.60/2022 од 23.12.2022 година; Покана за јавна расправа закажана за 26.01.2023 година по управниот спор У-3 бр.60/2022 и Записник од јавна расправа одржана пред Управниот суд на ден 26.01.2023 година.

На денот на работната посета во Управниот суд, 12.04.2023 година, Работната група не можеше да оствари разговор со судијата В.Ј., а исто така, не беше доставен на увид ниту предметот У-3 бр.60/2022 од причина што истиот се наоѓал кај судијата В.Ј. која во тој момент корgriистела денови од одмор. Поради ова, се побара предметот да се достави на увид во Судскиот совет веднаш штом се создадат услови за тоа, односно по враќање на работа на судија В.Ј..

По извршениот увид во списите на предметот У-3 бр.60/22 се констатира дека истиот е оформен по тужба поднесена од А.Л.В., вработена во Основен суд Неготино, за поведување на управен спор. Основ на тужбата е поништување на Решение ИП2 09-259 од 10.12.2021 година, донесено од тужениот орган - Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка, со кое Решение се уважува жалбата на Основниот суд Неготино поднесена против Решението ИП1 бр.09-454 донесено од Државниот инспекторат за труд, Подрачје Кавадарци (ДИТ Кавадарци). Со оспореното Решение се поништува Решението ИП1 бр.09-454 и постапката на инспекцискиот надзор по предметот ИП1 бр.09-454 на ДИТ Кавадарци се запира.

Тужбата е испратена по пошта и примена во Управниот суд на ден 11.02.2022 година. Со тужбата се бара исто така да се поништи и одлуката на Основен суд Неготино, Су04 бр.48/21 од 17.06.2021 година, како и да се поништат резултатите од административната селекција јавен оглас 02/2020 за работно место по точка 1 објавени на 16.06.2021 година за кандидат со шифра 20200209 за тужителот А.Л.В., бидејќи постапката за вработување не завршувала со административна селекција. Тужителот бара Комисијата за селекција за вработување да спроведе бодирање во административна селекција за овој кандидат и објави резултати од административната селекција, да достави предлог за избор на кандидат за вработување по јавен оглас 02/2020 работно место по точка 1 до Претседателот на Судот за да изврши избор на кандидат за вработување.

Постои покана до тужениот орган за одговор на тужба од 15.02.2022 година, со напомена, тужениот орган да ги достави сите списи во рок од 30

дена од денот на доставување на тужбата со сите докази. На Поканата има резолуција – да се повтори II достава на одговор на тужба на тужениот од 09.03.2022 година. Доставницата е примена од тужениот на 24.02.2022 година, но одговор на тужба со докази и списи по предметот од тужениот не е доставен до денот на увидот извршен од Работната група.

Испратена е до тужениот нова Ургенција за доставување на списи на 09.03.2022 година, примена од тужениот орган на 10.03.2022 година.

Во списите на предметот се наоѓа Одговор на барање, доставено од Управен суд до тужителот, 0818 УПП.бр.297-2/2022 од 22.08.2022 г., со кое се известува тужителот дека барањето за приоритетно постапување по предметот и е одобрено.

Постои нова Ургенција за постапување по предмет У-3 бр.60/2022, доставена од тужителот А.Л.В. од 07.11.2022 година.

Судот издава Наредба за одржување на јавна расправа У-3бр.60/2022 од 16.11.2022 година, со задолжение да се повикаат тужителот и тужениот орган – Државна комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка од Скопје на закажаната расправа, со НАПОМЕНА: „Тужбата со сите докази да се достави на одговор до тужениот орган и заинтересираните лица доколку ги има, а дадениот одговор на тужбата со сите приложени докази да се достави на тужителот и заинтересираните лица доколку ги има“.

Во списите на предметот се наоѓа Покана од 16.11.2022 г. за јавна расправа закажана за 15.12.2022 г. доставена до тужителот и доставница до тужител, примена на 17.11.2022 година од тужителот, како и доставница до тужениот орган, примена од тужениот на ден 23.11.2022 година.

Постои Полномошно од тужениот за полномошник Е.С.-административен службеник, да присуствува на јавната расправа закажана за 15.12.2022 година.

Се наоѓа Записник од одржаната расправа на 15.12.2022 година, видно од кој, присутни се повиканите странки: тужителот и тужениот орган. Донесено е процесно решение јавната расправа да се заклучи . Се известуваат присутните дека објавата на одлуката се закажува за 20.12.2022 година во 09.25 часот во судница бр. 6 во Управниот суд, што е усно соопштено на присутните странки. Записникот е потпишан од записничарот, претседателот и членовите на советот и присутниот тужител и полномошник на тужениот орган;

Од Основниот суд Неготино преку електронска пошта од 19.12.2022 година доставено е Барање Су-03 бр.194/21 од 19.12.2022 година до управниот суд, за вклучување во постапка У-3 бр. 60/22, како заинтересирано лице. Основ на спор – мерки на инспекциски надзор.

Во списите на предметот има Записник од рочиште за објава на пресуда на ден 20.12.2022 година во 09,25 часот. Во Записникот се евидентирани како присутни тужителот и тужениот орган, а наведено е дека имало и претставник на Основен суд Неготино, без наведување на неговото име и презиме. Записникот е потпишан само од записничарот, претседателот и членовите на советот. Не се потпишани ниту присутните странки ниту претставникот на заинтересираното лице. Претседателот на советот по советувањето и гласањето јавно ја соопштил изреката на Пресудата со која тужбата на тужителот СЕ УВАЖУВА, Решението на тужениот орган Државна Комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка ИП2 бр. 09-259 од 10.12.2021 година СЕ ПОНИШТУВА, се задолжува тужениот орган во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата да донесе нов управен акт, одлуката со образложени причини ќе биде изготвена и доставена до странките во законски предвидениот рок;

Во списите на предметот нема доказ за известување-покана, доставена од Управниот суд до Основен суд Неготино, ниту за одржување на јавна расправа на 15.12.2022 година, ниту за рочиштето закажано за објава на пресуда на ден 20.12.2022 година во 09,25 часот.

Се наоѓа Предлог за враќање во поранешна состојба во управниот спор У-3 број 60/22, заведен кај подносителот (Основен суд Неготино) под Су-03 број 194/21 од 19.12.2022 година. Овој Предлог е примен во Управниот суд на 20.12.2022 година. Во Предлогот подносителот наведува дека се до вчерашниот ден, ОС Неготино немал никакво сознание дека се води овој управен спор. Немале сознание дека била закажана расправа по предметот за 15.12.2022 година, за истата дознале дури по одржување на расправата, па од тие причини во законскиот рок од 15 дена од денот на дознавање за пропуштање на расправата, врз основа на член 54 став 1 од ЗУС го доставуваат Предлогот за враќање во поранешна состојба, бидејќи ОС Неготино има правен интерес да остане во сила оспорениот управен акт во овој спор, па затоа со тужениот орган заедно има правен интерес да ја докажува законитоста на истиот.

Доставено е и Барање за вклучување во постапка У-3 бр. 60/22 на Управниот суд, од заинтересирано лице – ОС Неготино, заведено во ОС Неготино под Су-03 број 194/21 од 19.12.2022 година.

Постои Записник за советување и гласање од 23.12.2022 година, во затворен плик и Решение на Управниот суд У-3.бр.60/2022 од 23.12.2022 година со кое Предлогот на ОС Неготино за враќање во поранешна состојба СЕ УВАЖУВА. Постапката заведена под У-3.бр.60/2022 се враќа во фаза на Наредба за одржување на јавна расправа со ДН: „Решението да се достави до заинтересирано лице – ОС Неготино, до тужител и тужен орган“.

На ден 26.12.2022 година изготвена е Наредба за одржување на јавна расправа закажана за 26.01.2023 година во 10 часот.

Се наоѓа повратница од тужителот од 27.12.2022 година за прием на покана за јавна расправа закажана за 26.01.2023 година; повратница од заинтересирано лице – ОС неготино за прием на на поканата на 27.12.2022 година; Решението на Управен суд од 23.12.2022 година и тужбата; Повратница од тужениот за прием на Решението на Управен суд од 23.12.2022 година на ден и покана за јавна расправа за 26.01.2023 година.

Јавната расправа е одржана на 26.01.2023 година. Видно од Записникот од одржаната јавна расправа на ден 26.01.2023 година, присутни биле: тужителот-лично, за тужен орган - полномошник со уредно полномошно и за заинтересираното лице ОС Неготино, присутна претседателот на – Основен суд неготино, судија Б.Т. Судот констатирал дека недостасува примерок од писменото Произнесување од заинтересираното лице од 24.01.2023 година со доказите и од тие причини не му се доставени на тужителот, па се задолжува заинтересираното лице да достави уште еден примерок кој же му биде доставен на тужителот на запознавање и произнесување. Се констатира дека не се исполнети законските претпоставки за одржување на расправата, Судот со процесно решение, ја одложил расправата, наведувајќи дека истата дополнително ќе се закаже, без да да се закаже терминот за новото рочиште.

Во списите на предметот постои писменото Произнесување од ОС Неготино, Су-03 бр.222/22 од 20.01.2023 г. со докази, испратено со препорачана пратка на 23.01.2023 година, примено во Управен суд на 24.01.2023 година.

Тужителот по емаил од 12.02.2023 год., доставил Одговор на горенаведеното Произнесување, примен во Управен суд на 14.02.2023 година.

**Констатација:** *Во списите на предметот нема доказ дека Судот до денот на увидот во предметот, закажал рочиште за продолжување на јавната расправа, одложена со процесно решение на Записник од 26.01.2023 година, ниту доказ за преземено друго процесно дејствие*.

Од увид во податоците од апликацијата „Контрола на судови“ се констатира дека предметот е сеуште во процес и нема закажан термин за рочиште за јавна расправа. Евидентирана е една управувачка одлука од 23.12.2022 година. Нема податок за објавената одлука по тужбата од 20.12.2022 година. Во рубриката *„Останати предмети“* се нведени предметите: УПП-297/22, примен на 12.08.2022 година; УПП-61/23, примен на 06.02.2023 година и УПП-202/23, примен во Судот на 03.05.2023 година.

Од увид во списите на предметот се констатира дека предметите:

- УПП-297/22, примен на 12.08.2022 година е по Барање од тужителот за приоритетно постапување, со завршна одлука од 22.08.2022 година;
- УПП-61/23 е оформен по претставка од 06.02.2023 година поднесена од заинтересираното лице - Основен суд Неготино, за испитување на однесувањето на судија В.Ј. по предметот У-3 бр.60/22 како претседател на совет, како и да се испитаат причините за воздржување, нереагирање на останатите членови на советот на нејзиното однесување. По предметот е донесена завршна одлука на ден 10.02.2023 година и
- УПП-202/23 е оформен по ургенција од тужителот од 03.05.2023 година за приоритетно постапување, кој е со завршна одлука од 10.05.2023 година.

Предметот У-3 бр.60/22 на ден 27.02.2023 година по пат на автоматска прераспределба, доделен во работа на судија Д.М., а по претходно изземање на судијата известител В.Ј., по барање на заинтересираното лице.

(За изземањето на судијата В.Ј. од постапување по овој предмет, оформен е предмет СУ-ИЗЗ бр.5/23 и по истиот е донесено решение за изземање СУ-ИЗЗ бр. 0204-5/23 од 10.02.2023 година. Овој предмет е образложен подолу, во **точка 4.** од овој Извештај, во делот кој се однесува на предметите за изземање.)

**<u>3. Предмет У2 бр.238/21 од 18.03.2021 е нов број кој предметот го добива по укинување на првостепената пресуда (стар број на предметот е У2-256/20)</u>**

Предметот е побаран од Работната група на увид врз основа на одлуката на Судскиот совет донесена на одржаната седницата на Советот на ден 28.04.2022 година, со која е усвоена како основана претставката УПП.бр.08-10/22 од 05.01.2022 година, поднесена од Општина Велес – Градоначалник на Општина Велес, а во врска со работата и постапувањето на Управниот суд по предметот У-2 бр.256/2020. Претставката со Известување УПП бр. 08-10/2022 од 10.05.2022 година е проследена до координаторот за следење на работата на Управниот суд.

Во претставката е наведено дека подносителот на истата водел постапка за непотполна експропријација на недвижен имот на сопственикот Н.И., а со цел изградба на приклучна канализациона мрежа. Укажува дека Министерството за финансии – Управа за имотно-правни работи-Одделение за првостепена управна постапка во Велес донело решение со кое се уважува предлогот за експропријација, против кое решение тужителот Н.И. завел управен спор пред Управниот суд У-2 бр.256/2020. Била донесена одлука У-2 бр.256/2020 од 05.10.2020 година која била обжалена од тужителот. Вишиот управен суд донел одлука на 17.02.2021 година која била доставена во Управниот суд на ден 12.03.2021 година, меѓутоа истата не била доставен до

подносителот до денот на поднесување на претставката, иако на ден 08.10.2021 година со Ургенција до Управниот суд барале да им се достави.

Од увид во списите на предметот се констатира дека поведен е управен спор со тужба со предлог за издавање на времена мерка од тужителот Н.И. од Велес против тужениот Министерство за финансии-УЈП-Одделение за првостепена управна постапка во Велес. Основ на тужбата е поништивање на Решение на тужениот орган, У бр. 25-15/20 од 04.06.2020, а со кое решение, предлогот поднесен од Општина Велес за непотполна експропријација на недвижен имот сопственост на Н.И. од Велес се уважува. Се утврдува непотполна експропријација на недвижен имот, сопственост на Н.И. заведен во ИЛ бр.2667 за КО Велес заради изградба на приклучна канализациона мрежа.

Донесена е Пресуда на Управниот суд У-2 бр.256/2020 од 05.10.2020 од страна на судечкиот совет: судија Д.Р., претседател и судиите Д.М.-судија известител и Л.С., членови на советот. Со пресудата, тужбата на тужителот се одбива како неоснована.

Во списите на предметот постои жалба против првостепената пресуда поднесена од тужителот на 20.11.2020 година, примена во судот на 24.11.2020 година и Решение по жалбата, УЖ-1 бр.130/2021 од 17.02.2021 г. на Вишиот управен суд, донесено од судиите А.Д., претседател и Р.И. и Л.Г., членови на советот. Со второстепеното Решение, жалбата на тужителот Н.И. се уважува, првостепената пресуда се укинува и предметот се враќа на повторно одлучување пред Управниот суд. Вишиот управен суд цитираната одлука заедно со списите по предметот ја доставил во Управниот суд, каде се примени на ден 12.03.2021 година.

Во списите на предметот се наоѓаат доставни за препорачана пратка и вратените повратници од кои се констатира дека погоре цитираната второстепена одлука му е доставена со препорачана пратка од 08.02.2022 на заинтересираното лице Општина Велес. Поради неуредна достава, нова достава е извршена на 09.02.2022 година, и постои повратница за прием на ден 09.02.2022 година. На тужителот истата му е испратена на 04.02.2022 год. со препорачана пратка и доказ за прием – повратница од истиот ден. На тужениот орган, МФ-Управа за имотно правни односи, одлуката е испратена на 21.02.2022, со доказ за прием на истата.

По укинувањето на Пресуда на Управниот суд У-2 бр.256/2020 од 05.10.2020, предметот во Управниот суд добива нов број У-2 бр. 238/2021 и по истиот е закажана јавна расправа.

Се наоѓа Записник за јавна расправа одржана на 21.02.2022 година, судија изврестител е Д.М. и останатите членови на судечкиот совет се исти како по првото постапување. Јавната расправа се одлага за 28.02.2022 во 11,00 часот.

Од Записникот за одржана јавна расправа на 28.02.2022, се констатира дека јавната расправа се одлага за 10.03.2022 г. во 11,00 часот.

Постои Записник од јавна расправа од 10.03.2022 година, видно од истиот јавната расправа е одложена за 16.03.2022 година во 11,00 часот, бидејќи не биле исполнети условите за одржување на расправата, но не е утврдено и констатирано поради кои причини се смета дека не се исполнети условите за одржување на истата..

Од Записникот за одржана јавна расправа на 16.03.2022, се констатира дека расправата се заклучува.

Постои Записник за објава на пресуда од 21.03.2022 година.

Се наоѓа Пресуда У-2 бр.238/21 од 16.03.2022 година со која, тужбата СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Пресудата е примена од тужен орган на 05.04.2022 г., од полномошник на тужител на 04.04.2022 г. и на 05.04,2022 од заинтересирано лице, Општина Велес.

Во списите на предметот има жалба против цитираната пресуда, поднесена на 15.04.2022 година и испратена препорачано, примена во Управен суд на 18.04.2022 г. Има ургенција од Управен суд до тужен орган од 05.09.2022 година за достава на списи, бидејќи до тогаш немаат добиено одговор на жалба од тужениот орган.

Со Пресуда на Вишиот управен суд УЖ-1 бр. 415/2022 од 06.10.2022 година, донесена во исти состав како и по постапувањето по жалбата во претходната постапка, со која, жалбата на тужителот се одбива како неоснована, првостепената пресуда се потврдува.

Видно од испратниците и повратниците кои се наоѓаат во списите по предметот, на ден 08.11.2022 година второстепената пресуда е испратена и примена истиот ден од тужениот орган; на ден 04.11.2022 година е испратена и истиот ден примена од полномошникот на тужителот, а од заинтересираното лице Општина Велес е примена на 03.11.2022 година, датумот на испраќање не се чита.

***Констатација:*** *Се констатира дека е поминат неразумно долг период односно протек на време од моментот на прием на второстепената одлука на Вишиот управен суд, Решението УЖ-1 бр.130/2021 од 17.02.2021 година донесено по жалба на првостепената Пресуда У-2 бр.256/2020 од 05.10.2020 година до моментот на негово доставување до подносителот на претставката, меѓутоа тоа не може да се смета за пропусти на судијата известител или на претседателот на Судот. Од извршениот увид во предметот се констатира дека не се направени процесни пропусти во*

*натамошното постапување по предметот кои се однесуваат на достава на списи до странките.*

## <u>4.- ПРЕДМЕТИ ОФОРМЕНИ ПО БАРАЊЕ ЗА ПО ИЗЗЕМАЊЕ НА СУДИЈА</u>

Во врска со предметите по иземање на судии од постапување по предмети, по кажување на претседателот, нема судии кои имаат деца во адвокатски канцелари, ниту адвокати. Самиот претседател наведе дека имало ситуација во предмет каде имало барање за изземање на судии, а потоа и барање за негово изземање, поднесено преку Адвокатското друштво Ј. од Скопје, каде во ист ден кога одлучувал по барањето за изземање на судиите, а откако го донел решението по барањето, разбрал дека полномошникот на странката поднел барање за негово изземање. Во таа ситуаци постапил по закон па донесеното решение за изземање на судии го ставил вон сила, додека одлучи повисокиот суд во врска со барање за негово изземање.

Од увид во Уписникот СУ-ИЗЗ, во 2022 година биле оформени вкупно 27 предмети по барања за изземање. Извршен е увид во сите предмети за изземање, поединечно, и констатирано е дека донесените одлуки се согласно со закон, судиите известувале кога имало законски причини за изземање и давале изјави во врска со поднесени барања за нивното изземање. Има одлуки донесени по барање за изземање кога е наведено предметот да се додели на понатамошно постапување и одлучување на судија од советот според годишниот распоред на Судот, за што е дадено објаснување од Претседателот на Судот дека според годишниот рапоред се определени кои судии во кои совети постапуваат и по кои уписници и дека судијата се определува редоследно од судиите кои може да постапуваат по тој вид на предмети.

По споменувањето на предметот, од страна на Претседателот, по барање за изземање од АД Ј., во истиот е извршен увид. Предметот е заведен под број **СУ ИЗЗ 24/22** а е оформен по барање за изземање на судечки совет по предметите У-3 бр.467/22, У-3 бр.468/22 во кои тужител е ДПТТ-ШТ ДОО с.Б. застапувано од АД Ј. кое друштво е подносител на барањето, а тужен е Министерството за транспорт и врски, а како заинтересирано лице се јавува правното лице ДПТУ П.П. ДООЕЛ село П.. Во самото барање не се наведени судиите чие изземање се бара, а поради сомневање во нивната непристрасност, бидејќи двајца од членовите во советот веќе учествувале во истиот предмет по тужба на заинтересираното лице во донесување на одлука, па сосема извесно е дека имаат оформено мислење по оваа правна работа, а исто така, властодателот имал сознание дека заинтерсираното лице во овој предмет има блиски односи со членови на судечкиот советот посебно што помогнало за ставање на зградата во употреба и за потребите на Управниот суд, и дека кетерингот го финансирало заинтересираното лице.

Претседателот на Судот донел решение СУ ИЗЗ бр.0204-24/22 од 01.12.2022 година со кое барањето на тужителот за изземање на судиите Л.С., Д.М. и С.Т. за постапување по наведените предмети се одбива. Во образложението се дадени законски причини поради кои ова барање е одбиено.

Истиот ден на 01.12 2022 година АД Ј. од Скопје, како полномошник на ДПТТ ШТ ДОО експорт-инпорт Б. - Г. поднело барање за иззермање на претседателот на Управниот суд, поради постоење околности кои ја доведуваат во сомневање неговата неприсрасност во постапувањето по предметот за изземање на судиите Л.С., Д.М. и С.Т. По ова барање е формиран предмет СУ ИЗЗ 25/2022.

Откако претседателот дознал за постоење на ваквото барање, истиот ден, на 01.12.2022 година донесол решение СУ Изз- 0204-24/22-1 со кое претседателот на судот претходното решение од истата дата го ставил вон сила, а постапката по барањето за изземање на судечкиот совет кој постапува и одлучува по предметите се запира. Во образложението е наведено дека првото решение од истата дата е донесено, на тој ден било примено барање за изземање на претседателот на Управниот суд, со забелешка итно времена мерка, јавната расправа по тужбата и предлогот за времена мерка била закажана истиот ден во 10 часот и по ова барање е формиран предметот СУ ИЗЗ 0204-25/22 од 1.12.2022 година. За ова биле информирани и судиите од судечкиот совет од полномошникот на тужителот, на записник од расправа кој му предложил на претсеателот на судечкиот советот да ја одложи расправата кога бил известен за ваквите случувања, а бидејќи за изземање на претседателот одлучува претседателот на непосредно повисокиот суд. Поради ваквите причини одлучил како во диспозитивот на решението.

Претседателот на Вишиот управен суд на 02.12 2022 година донел решение СУ ИЗЗ 03.06 -26/2022 со кое барањето за изземање на претседателот на Управниот суд го одбил како неосновано.

После тоа, Претседателот на Управниот суд донесол решение Су ИЗЗ 0204-24/22-2 од 06.12 2022 година со кое барањето на ДПТТ ШТ ДОО експорт – инпорт с. Б. – Г. поднесено преку АД Ј. за изземање на судиите Л.С., Д.М. и С.Т., го одбил како неосновано со образложение дека околностите наведени во барањето за изземање, не биле соодветно аргументирани и не биле поткрепени со докази и не ја доведувале под сомневање неприсрасноста на судиите во смисла на чл. 64 ст 1 т 6 од ЗПП. На ова решение подносителот нема право на посебна жалба.

За 2023 година на Работната група и беа доставени на увид предметите СУ ИЗЗ со број од 1 до10.

Изршен е увид во секој предмет поединечно и од предметот СУ ИЗЗ 5/23 и СУ ИЗЗ 10 / 23 земени се копии од списите. Побаран е на увид и прдметот У-3 60/2022 , но истиот бил кај судијата известител која во моментот користела годишен одмор.

Предметот **СУ-ИЗЗ.бр.5/23** е оформен по барање за изземање Су-03.бр.222/22 од 02.02.2023 година поднесено од претседателот на Основниот суд Неготино со околности дека тужбата не била доставена на Основниот суд Неготино на одговор како заинтересирано лице. Откако дознале дека на 15.12.2022 година било одржана јавна расправа по поднесената тужба на тужителот А.В. од Неготино и дека било закажано рочиште за објава на пресуда на ден 20.12.2022 година, веднаш на ден 19.12.2022 година по електронска пошта било доставено барање од ОС Неготино во предметот У-3.бр.60/22, за да ОС Неготино биде вклучен како заинтересирано лице во управниот спор. Поради поголема сигурност претседателот на ОС Неготино, на 20.12.2022 година во 9,30 часот лично се јавила на рочиштето за објава на пресудата, а претходно во приемно одделение на Управен суд поднела и предлог за враќање во поранешна состојба. Кога пред претседателот на Советот судијата В.Ј. се легитимирала како овластено лице за застапување на ОС Неготино и воедно известила дека е поднесен предлог за враќање во поранешна состојба, па побарала да го одложи рочиштето за објава судијата и рекла: *,,Тоа е завршена работа денеска има објава, напуштете ја седницата“.* По инсистирање на претседателот на ОС Неготино да биде констатирано нејзиното присуство, повторно и било кажано да ја напушти седницата, а откако укажала дека може да присуствува како јавност на објавата на пресудата бил прочитан диспозитивот на одлуката по тужбата, а откако побарала да даде кратко образложение за причините за донесената пресуда согласно чл.63 ст.2 од ЗУС претседателот на Советот и појаснила дека ова не е парница и по трет пат и кажала да ја напушти судницата.

На 27.12.2022 г. ОС Неготино добил решение од Управниот суд, каде по оддржана седница на 23.12.2022 година Советот донел решение У-3 бр.60/22 со кое предлогот за враќање во поранешна состојба се уважува, а постапката У-3 бр.60/22 се враќа во фаза на наредба за одржување на јавна расправа. Со решението добиле и копија од тужбата и покана за јавна расправа за 26.01.2023 година со задолжување најдоцна до рочиште да ги дистават сите исправи како докази кои треба судот да ги разгледа. Во решението У-33 бр.60/22 од 23.12.2022 година било констатирано дека е сторен превид од страна на судот кој се состои во тоа што не бил поканет Основен суд Неготино на јавната расправа иако е субјект на надзор, а и подносител на жалбата на управниот акт против кој е тужбата. Исто така било наведено дека судот одлучил објавата на одлуката да не се одржи и постапката да се врати во фаза на наредба за одржување на јавна расправа иако претседателот на судот на 20.12.2022 год. во судницата бр.6 во Управниот суд лично била присутна и

одлуката по предметот била јавно прочитана од страна на претседателот на Советот судијата В.Ј.. Основен суд Неготино два дена пред закажаната јавна расправа дал одговор на тужбата и доставиле писмени докази во еден примерок, бидејќи тужителот имал примерок од овие докази и истите се дел од списите на предметот доставен од Државната комисија. На расправата на 26.1.2023г констатирано било дека одговорот на тужбата не е даден на тужителот и дека доказите се во еден примерок, го задолжил судот да ги достави доказите во рок од 5 дена, а на тужителот му сугерирала да достави писмено известување, а не му дала рок до кога да се произнесе во смисла на чл.108 од ЗПП вв чл.14 од ЗУС. Потоа настанала расправија откако претседателот на судот забележал дека не е даден рок за тужителот. Со барањето подносителот предложил да биде истото усвоено и претседателот на советот судијата В.Ј. и судиите Г.М. и Е.Х.А. да бидат изземени.

Во врска со барањето дадени се изјави од судиите и судијата В.Ј. известила дека по предметот У-3 бр.60/22 бил побаран приоритет што било и одобрено, а истата е судија-известител. Во предметот било донесено и решение за одобрување на предлогот за враќање во поранешна состојба поднесен од страна на заинтересирано лице-ОС Неготино и била поништена објавата на пресудата и било одлучено по предлогот за повторување на постапката на начин што се повторило одржувањето на главната расправа за 26.1.2023 година. Според судијата еден ден пред одржување на закажаната расправа од судот билодоставено писмено произнесување кое на самото рочиште било дадено на тужителот и таа го прашала тужителот дали ќе може да се произнесе по писмениот поднесок или ќе и треба време со што смета дека не пос тапила како адвокат на другата странка. При самото одлагање не било закажано ново рочиште односно не било наведено дека јавната расправа дополнително ќе биде закажана. На ова реагирала прет. на ОС Неготино, но таа како преетсдател на Советот останала на тоа дека по произнесување на другата странка и евентуално добивбање на писмен одговор ќе биде закажано рочиште. Исто укажала дека одлагањето на рочиштето е по нивна вина – дека е злоупотреба на процесно овластување да се доставува писмен поднесок еден ден пред расправа, кога се знае дека другата страна не ќе биде во можност соодветно да одговори што повлекува и трошоци кои се повина на заинтересираното лице. Не е точно дека викала, ниту се самоопишувала со ,,намќор‘‘, туку тоа го кажала по завршување на одложеното рочиште по реакцијата на претседателката дека не и се допаѓал нејзиниот однос. Судијата со оглед да било очигледно да заинтересираната странка не е задоволна од нејзиниот однос и се сомнева во нејзиното натамошно постапување, стручни познавањаа и судиски кредибилитет побарала да го уважи и нејзиното барање за изземање.

Претседателот на судот донел решение СУ-ИЗЗ бр.0204-5/23 од 10.2.2023 година со кое барањето на ОС Неготино за изземање на судечкиот

совет по предметот У-3-60.22 делумно го усвоил, при што од натамошно постапување е изземана судијата В.Ј., предметот ќе се распредели преку системот АКМИС, а барањето за изземање на судиите Г.М. и Е.Х.А. е одбиено како неосновано.

Предметот **СУ-ИЗЗ бр.10/23** – оформен по барање за изземање на судијата М.Т. по предметот УПР бр.949/22 .

Според наводите барањето се поднесува бидејќи тужител во предметот е лицето К.Р.А. од Скопје поради што цени дека постојат околности што може да ја доведат во сомневање нејзината непристрасност во постапувањето и смета дека постојат причини за изземање од чл.64 ст.1 т.6 од ЗПП. Во самото барање не се наведени кои се тие конкретни околности што можат да ја доведат во сомневање нејзината непристрасност.

Претседателот на судот донел решение СУ-ИЗЗ-0204-10/23 од 20.3.2023 година со кое барањето се усвојува, предметот УПР 949/2022 ќе се распредели предеку АКМИС на надлежен судија, а во образложението на решението цитирана е само одредбата од ЗПП и не се наведени кои конкретни околности ја доведуваат во сомневање нејзината непристрасност.

Имајќи ја предвид вака констатираната состојба во Управниот суд, Работна група го доставува овој Извештај со предлог заклучоците до Судскиот совет со предлог истите да бидат усвоени од Советот.

ПРЕДЛОГ ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Извештајот да се достави до Управниот суд кој на седница на судиии ќе ги запознае судиите со содржината на Извештајот и усвоените заклучоци, со цел сите судии да постапуваат по истите и во иднина да не се повторуваат констатираните пропусти и недоследности во овој Извештај;
2. По однос на наводите од усвоената претставка наведена во точка 1 од Извештајот, Работната група цени дека во предметите во кои како странка се јавува правното лице ДПТУ П.П. ДООЕЛ село П., како и во предметите каде како тужител се јавува правното лице ДППУ Е.Р. ДОО Скопје, не може да се утврди дека одлуките донесени во овие предмети судиите ги носеле под влијание и насоки на претседателот на Управниот суд, ниту да се констатира дека во случај на непочитување на некои негови насоки од страна на некои судии кои одлучувале по тие предмети, истите трпеле негативни последици. Работната група констатира дека во предметите во кои е извршен увид, а во кои како странка се јавува некое од наведените правни лица, се носени одлуки и во нивна полза, но и на нивна штета;

3. Предметите во овој суд, а кои беа предмет на увид, во глобала не се средени, нема попис на списи и не се хронолошки, по датум, залепени списите во предметите, истите често се измешани со списи од други предмети, особено кај поврзаните предмети каде во обвивката на еден предмет се ставени обвивки на списи од друг, или повеќе други предмети;
4. По однос на Известувањето добиено од претседателот на ОС Неготино и постапувањето на судијата известител по предметот В.Ј. по предметот У-3 бр.60/22, Работната група цени дека постапувањето на посочената судија е крајно неетички, непрофесионално и недолично за функцијата „судија“;
5. Во однос на донесените одлуки по барањата за изземање на судии, донесените решенија за изземање се согласно законот, со образложени причини за донесената одлука. Она на што е потребно да се внимава кај овие предмети е во иднина при изземање на судија известител, при доделување на предметот на постапување на друг судија известител да се применува одредбата од член 178 од Судскиот деловник и предметите да се прераспределуваат по нпат на автоматска распределба по АКМИС-от, а не како досегашната пракса, според Годишниот распоред на член од советот.

СУДСКИ СОВЕТ НА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА